ЕКОЦЕНТАР 97 извоз-увоз ДООЕЛ
Бр. 0307-21
08.03 2021 год.
СКОПЈЕ

Согласно Законот за управување со отпад (Службен весник на РМ бр.123/12;147/13;163/13;156/15;63/16 ) и Правилникот за постапките и начинот на собирање,транспорт,преработка,складирање,третман и отстранување на отпадни масла ,начин на водење на евиденциите и доставување на податоците(Службен весник на РСМ бр.156/07) на ден во Скопје е склучен

**ДОГОВОР ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ОТПАДНО МАСЛО, ЗАМАСТЕН ТЕКСТИЛ И КРПИ**

Друштво за транспорт градежништво и трговија "ВАТО" ДОО
Бр. 0307-371
11.03 2021 год.
СТУДЕНИЧАНИ

помеѓу страните :

1. **Друштво за собирање и примарна преработка на отпадоци извоз-увоз “ЕКОЦЕНТАР 97” ДООЕЛ од Скопје,** со седиште на ул.1632 бр.10/II Скопје, со ЕДБ:МК4030996203809 и ЕМБС:5124514 застапувано од управителот Момировски Владо, во понатамошниот текст ***Собирач***, и

2. **Друштво за транспорт ,градежништво и трговија ВАТО ДОО, Студеничани**,со седиште на ул.4 бр.19, Батинци –Скопје, со ЕДБ МК 4030001421949 и ЕМБС 5545757, застапувано од законски застапници , во понатамошниот текст ***Поседувач***

**Член 1**

Предмет на овој договор е превземање на отпадно масло,замастен текстил и крпи,кои се сопственост на ***Поседувачот***.

**Член 2**

***Поседувачот*** е согласен дека отпадот кој е опишан во чл.1 во овој договор ќе биде предаден на ***Собирачот*** и се обврзува да го собира ,селектира и евидентира согласно образецот за евиденција на отпад од овој тип, кој е во прилог на Сл.Весник бр.156/07, односно да ги става во посебна амбалажа, и истата да биде означена соодветно,согласно типовите кои се опишани во чл.6 подолу во овој договор.

***Собирачот*** се обврзува, отпадот кој е опишан во чл.1 во овој договор да го превземе и транспортира на повик од ***Поседувачот***. Пред превземањето ќе се врши проба од бурињата каде што е складиран донесениот отпад, според типот ќе се издаде соодветна документација .

**Член 3**

Договорените страни се согласни дека во текот за секое превземање на отпадот кој е опишан во чл.1 ќе изработат и потпишат соодветна документација согласно законските прописи, подзаконски акти и други прописи на РСМ од оваа област како и според потребите на ***Поседувачот*** и ***Собирачот*** и тоа: транспортен формулар, идентификационен формулар, товарен лист, испратница, приемница и кантарска белешка во онолку примероци колку се потребни за тековното работење на двете страни.

**Член 4**

***Собирачот*** гарантира дека ќе постапува со отпадот во согласност со важечки дозволи, и тоа:

1. Дозвола за складирање и третман на неопасен и опасен отпад Дозвола бр.Уп1-11/2-37/2018 од 16.03.2018 год. издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање на РМ со важност до 15.03.2023 година
2. Проширување на Дозволата за складирање и третман на неопасен и опасен отпад бр.Уп1-31-1095/2020 од 30.09.2020

3. Дозвола за собирање и транспорт на неопасен отпад со Бр.04 заведена под број Уп1-23-1576/2017 од 20.02.2018 издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање на РМ со важност до 23.01.2023 год.
4. Дозвола за собирање и транспорт на опасен отпад со Бр.14 заведена под број Уп1-31-629/2020 од 01.07.2018 издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање на РМ со важност до 29.06.2030 год.

**Член 5**

За собирање на отпадните материјали од член 1 ,***Поседувачот*** има обврска да плати на ***Собирачот*** надоместоци за отпадот опишан во чл.1 во овој договор ,по моментални актуелни цени за извршената услуга од страна на собирачот .

**Член 6**

Овој договор влегува во важност од датумот на неговото потпишување(заверување) и има важност 1 (една) година. Истиот подлежи и на промени на барање и согласнот од двете страни со потпишување на Анекси. Доколку било која од страните сака да пристапи кон раскинување на договорот потребно е тоа да го направи со писмено известување и отказен рок од 30 дена.

**Член 7**

Во случај на спор договорните страни се согласни истите да ги решат со спогодба и спогодбено како резултат на добрата соработка, но доколку истото не можат да го постигнат, надлежен е Основен Суд Скопје 2 Скопје.

**Член 8**

Овој Договор се склучува во 2(два) еднообразни примероци, од кои по 1(еден) за секоја страна.

*За Собирач*
*Владо Момировски*

ЕКОЦЕНТАР 97 извоз-увоз ДООЕЛ Скопје

*За Поседувач*

ВАТО ДОО Студеничани